КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

| | | |
|---|---|---|
| Врз основ на член 111 од Законот за градење и член 16 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, свикувам<br>**Тематска Седница на Управниот одбор на КОАИ***<br>**24 септември 2021 (петок)**<br>со почеток во: **14.30 часот** | **Број на седницата**<br>~~6/Т2~~<br>**корекција**<br>**5/Т2** | место за архивски печат<br>КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>Бр. 02-867/1-1<br>20 21 год.<br>СКОПЈЕ |
| *Седницата ќе се одржи на zoom платформата. | | |

**Предлог**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Утврдување и усвојување на дневниот ред.
2. Важечка регулатива за заштита од пожар.
3. Формирање на Работна група што ќе отпочне активност за анализа на сите аспекти на регулативата за заштита од пожар.
4. Утврдување на динамика за работа на Работната група.
5. Разно.

Подготви: КР

**Претседател**
**на Управен одбор**

М-р Кристинка Радевски, д.и.а.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 841/4
20 21 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

# ЗАПИСНИК

од тематска седница **бр.5.Т1** на Управниот одбор
на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на тема:
**Пожарот во модуларната болница во Тетово**

одржан на ден 18.09.2021 година (сабота), со почеток во 13.00 часот во Битола во Хотел Тетатар

Состанокот го отвори Претседателот на Комората М-р Кристинка Радевски.

На состанокот, освен Претседателот на Комората, присуствуваа: Проф.д-р Мери Цветковска - **одд.градежништво,** Веселинка Герасимова Петровска - **одд.архитектура,** Владе Гроздановски - **одд.електротехника,** Михаел Димитровски - **одд.урбанизам,** Андон Петровски - **одд.сообраќај,** Потпретседателот Раде Лазаревски, Претседавачот на Собрание Димче Галовски и Генералниот Секретар Димче Атанасовски.

Седницата беше организирана на иницијатива на Михаел Димитровски-одд.урбанизам, како и Проф. Д-р Даме Димитровски-одд.машинство, поради потребата од донесување на заеднички став на сите одделенија на Комората за немилиот настан во Тетовската модуларна болница, со заклучоци за понатамошни чекори што би ги превзела Комората во рамките на своите овластувања.

Се разви поширока дискусија околу струкови прашања за темата, проблеми од аспект на важечката регулатива и стандардите на проектирање во постоечките акти, како и мерки за спречување на ваквите настани во иднина.

Предлог на Михаел Димитровски беше Комората да направи евалуација на сите здраствени објекти од аспект на ППЗ, проценка на пожарен ризик, од тоа да произлезе проектна програма со буџетирање од фондови. Сите членови на УО дадоа свои предлози во насока на отпочнување на активности на Комората во насока на преиспитување на постоечката регулатива со цел подобрување и зајакнување на истата.

Претседателот на Комората М-р Кристинка Радевски, ги сумираше следните заклучоци:
- одделението ППЗ да одржи состанок и да дадат концепт на активности;
- да се размисли за прогресињирање на идејата за отпочнување проектна активност за евалуација на сите здраствени објекти од аспект на ППЗ и ЗР

- предлог за ставот на Комората да биде ставен само на веб страната на Комората без дополнителни медиумски инволвирања, со оглед дека истрагата за настанот е во тек.

Текстот за ставот на Комората да биде дистрибуиран до сите членови на УО пред негово конечно усвојување и официјално објавување на веб страната.

Состанокот заврши во 14:00 часот

Записничар: Леонита Чалоска (23.09.2021)

Управен одбор
Претседател

М-р Кристинка Радевски, диа